**УДК: 37.011.3-051**

# НАСТАВНИКОТ - НЕКОГАШ И ДЕНЕС

**Снежана Мирасчиева[1]**

***[1] Факултет за Образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ , Штип***

**Апстракт**

**За значењето на наставникот и неговата улога во општеството, во литературата досега е многу говорено. Намерата овде не е да ги повторуваме исказите, мислите и сознанијата кои се добро познати. Предметот на интерес во трудот е содржан во насловот. Во него недостасува една временска одредница, а тоа е наставникот утре. Причината за тоа се наоѓа во познатата синтагма дека со познавањето на минатото и разбирањето (анализа и прифаќање) на сегашноста, можеме да ја трасираме иднината. Затоа, во фокусот на вниманието, во текстот што следи се прави обид да се формира сликата за наставникот утре преку компаративниот пристап во определувањето на местото и улогата на наставникот некогаш и денес.**

**Клучни зборови: учител, статус, функција, минато, сегашност.**

## THE TEACHER – EVER AND NOW

**Snezana Mirascieva[1]**

**[1] Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev”, Stip**

**Abstract**

**Much has been said so far about the importance of teachers and their role in the society.The intention here is not to repeat the statements, thoughts and knowledge that are well known. The object of interest in this paper is contained in the title. It lacks one timeline, and that is the teacher tomorrow. The reason for this is in the famous phrase that with the knowledge of the past and the understanding (analysis and acceptance) of the present we can trace the future. Thus the focus of attention in the following text is an attempt to form the image of the teacher tomorrow through comparative approach in determining the role of the teacher in the past and today.**

**Key words: teacher, status, function, past, present.**

## Воведни размислувања

Често поставувано прашање чијшто одговор уште почесто се слуша во научно-стручните расправи, се однесува на тоа зошто е важно добро, квалитетно образование? Одговорот е едноставен и се движи во насока на исказот дека квалитетното образование претставува благосостојба и просперитет за заедницата и индивидуата.

Денешницата е обележена со експлозивен развој на технологијата и експоненцијален раст на бројот на расположливи информации. Научните трендови ја следат експанзијата на човечкиот домет и дневно, во рамките на една потесна област на научна работа, се издаваат стотина трудови.

Вообичаено е барањето за инидивуди со  високо образование и вештини за работа со новата технологија на современиот пазар на трудот, во споредба со порано. Способноста за прилагодување и брзо учење на новите вештини, игра клучна улога во развојот на кариерата на модерниот човек. Се повеќе се инсистира на квалитет во образованието на поединецот кој ќе се манифестира во неговата секојдневна практика.  Експоненцијалниот раст на расположливи и потребни информации и вештини, го става образованието и учесниците во него, во важна и влијателна позиција која со себе носи и голема одговорност.
Образованието е клучна карика на општеството чија официјална улога е определена како пренесување на неоходно знаење за успешно и корисно учество во одржувањето и развојот на општеството. Бидејќи за работа се потребни се повеќе вештини и знаења, ефикасноста на усвојување на истите се повеќе добива на значење. Освен знаење, учениците во процесот на образование ќе формираат свој стил на учење и размислување, како и слика за себе, како дел од општеството во кое партиципираат. Покрај родителите и врсниците, важна улога во процесот на формирањето на слика за себе кај учениците имаат учителите, воспитувачите, наставниците. Уште од најрана возраст, човекот стекнува сознанија за светот од „важни“ личности во средината. Учи гледајќи ги, слушајќи ги, учи од она што е кажано, но и од она што не е кажано. Во градинката учат од врсниците и воспитувачите, во училиштата од учителите и наставниците. На тој начин се подготвуваат за живот.
Затоа професијата наставник е племенит избор, вредна за почит сама по себе, а наставниците во најголема мера придонесуваат за успех во учењето. Поддршката на наставниците во текот на кариерата, како и нивното образование, добива уште поголемо значење, поради големото влијание врз учениците и подоцна придонесува во донесувањето на одлуки во животот. Секој наставник има своја инспирација, образование и примери од кои учел. Од друга страна, кога ќе се сретнат поучувач и поучуван, во контекст на една средина која ги опкружува, настанува единствен и динамичен микро-општествен контекст во кој тече процес на учење. Учењето почнува во семејството и продолжува во текот на целиот живот, низ интеракција со другите личности или медиумите. Оттука, прашањата во насока на тоа: Какви ефекти има образованието врз нас, нашите најблиски? Кои се нашите примери во професијата? Од кои колеги, ментори и наставници најмногу научивме за педагошката практика и искуство?

*„Учителот е мост преку кој многу, многу нешта мора да поминат“...*

Процесите на континуирани и забрзани промени и иновации на општествено ниво, поддршката ја наоѓаат во една од клучните претпоставки за развој – системот на образование. Поаѓајќи од фактот дека секој систем функционира доколку неговите составни делови се во цврста кохезивна врска, тогаш образовниот систем ќе биде потпора на општествениот развој, доколку наставникот, како дел од тој систем, функционира како негов составен дел, согласно останатите делови од системот. Оваа ситуација е само потврда за добро познатиот факт за значењето на наставникот и неговото место и улога во општеството.
Да се говори за наставникот, некогаш и денес, значи да се говори за личност, улога, статус, образование, развој, односно да се говори за едно комплексно

прашање кое овде не може во целост да се опфати. Затоа, се определивме во трудот да говориме за неколку сегменти и тоа: статусот на наставникот во општеството; улогата во наставата, некогаш и денес; односот и однесувањето на наставникот во заедницата и личниот и професионален развој.
И учителите и наставниците и воспитувачите, имаат важна улога во формирањето на младата личност, во создавањето на сликата за себе поради позицијата на „авторитет“ во која се наоѓаат. Секако дека училиштето не е единственото место каде се развива младата личност, но има клучна улога во процесот на оспособување за живот и работа во 21 век.
Неопходната основа, која ја поставува образованието, ги вклучува наставниците како активни медијатори и модератори во процесот на пренесување на знаења во училницата за светот во кој живееме, за себе и другите, од една страна. Од друга страна, во исто време, процесот на учење на секоја личност има своја генеза која треба да ја остави „вратата отворена“ (но не е исклучена можноста и да се затвори) за учењето за феномените кои допрва ќе бидат откриени. Со други зборови, образованието е основа на учењето кое тече во текот на целиот живот. Тоа уште повеќе ја зацврстува улогата и значењето на наставникот воопшто.
Со цел да ја исклучиме можноста за терминолошка недореченост и поимска јасност, изразите кои ги користиме, како: наставник, учител, воспитувач, имаат исто значење и функција.[1] Наставникот, всушност, претставува посебна категорија на воспитувачи, кои преку подготовките и школувањето, се оспособиле интегрално за воспитно-образовна работа (Крњаиќ,1983,88). Како квалификувано и стручно оспособено лице, дидактичко-методски ја обликува наставата и го насочува развојот на учениците. Впрочем, и во Препораките за статусот на учителот[2] од 1966 година, е истакнато дека со терминот учител се офаќаат сите стручни лица кои се одговорни за воспитание и образование на младата личност. Во Препораките е определен и статусот на учителот. Во таа смисла, истакнато е дека со терминот статус, кој се однесува на учителите, се определува положбата или признанието кое им се дава на учителите изразено на ниво на благодарност за важноста на нивната улога и способностите да ја реализираат улогата. Во определувањето на статусот на наставникот се наведени водечките начела според кои: воспитанието и образованието треба да се насочи кон целокупниот развој на индивидуата, во контекст на духовниот, моралниот, општествениот, културниот и економскиот напредок на заедницата, во духот на почитување на човековите права и слободи; воспитанието и образованието, придонесуваат во формирањето на вредностите на мирот, разбирањето и толеранцијата меѓу народите од различна верска и национална припадност; напредокот во воспитанието и образованието, во голема мера зависи од стручната подготовка и способностите на учителот, како и од човековите, педагошки и дидактичко-методски способности и особини на личноста на учителот. Оттука, статусот на учителот треба да ги следи потребите на воспитанието и образованието кои произлегуваат од неговите цели и задачи. Целите и задачите, пак, ќе бидат постигнати дотолку, доколку учителот има соодветен статус во заедницата воопшто. Затоа и го поставивме

---

[1] За целите на овој труд, терминот „наставници" кој ќе се користи, се однесува на широка категорија на едукатори, обучувачи, академски кадар, воспитувачи, учители.
[2] Препораки за статусот на учителот усвоени на седницата на меѓувладина конференција одржана во Париз, на 5 октомври 1966 год. под покровителство на УНЕСКО

прашањето: Колку денешните наставници имаат ист статус во општеството како некогаш? Навистина, некогаш учителите беа ценети и почитувани. Но, денес децата не добиваат совршени примери ниту од родителите, ниту од општеството. Денес се критикуваат само учителите. Зошто е тоа така, каде е проблемот, кое е решението? Често пати поставувани прашања, со широки теоретски одговори, но ниту едно операционализирано сфаќање. Што треба да се менува? Одговорот е комплексен. Овде, единствено ќе спомeнеме дека некогаш и наставниците се повеќе почитуваа, а семејните вредности се рефлектираа надвор од домот, зашто децата го следеа ритамот на родителите, подготвени да ги одложат своите потреби и барања. Денес, младата популација не почитува авторитет ниту во семејството, ниту надвор од него, што е извор на многу други проблеми подоцна.
Цениме дека статусот на наставникот, учителот, воспитувачот се менува во контекст на неговите улоги. Оттука, второто прашање кое го поставивме во овој труд се однесува на улогата на наставникот некогаш и денес. Така, некогаш наставникот беше: единствен извор на знаење, авторитативен водач, диригент, говорник во еднонасочна комуникација, оценувач, личност со наметнат авторитет. Овие улоги беа определени во историскиот контекст на општествено-економските услови и нивото на техничко-технолошкиот развој. Денес, во услови на експанзивен техничко-технолошки подем и силно влијание на глобализацискиот процес, наставникот има улога на: демократски партнер, соработник, соговорник во емпатиско-интеракциски двонасочен комуникациски акт, не единствен, туку е еден од изворите на знаења, личност со делегиран авторитет, субјект кој не само што оценува, туку е и оценуван. Денес наставникот е лидер кој го анализира постојното, креира ново, соработува со другите, придонесува во унапредувањето на професионалните знаења во училиштето, локалната средина, пошироката заедница и глобално. Во исто време, чекори кон успешни реформи во образованието креирајќи ја сопствената практика преку развивање на соработка, сигурност во себе, отворени училишта, професионално знаење.
Денес, учителот не може да се повикува на својот авторитет, ниту од традицијата, ниту од улогата која му ја дала општеството, единствено само од своето стручно знаење, педагошка способност и личен авторитет. Затоа, постојано треба да се потсетуваме на старото педагошко правило дека „оној кој воспитува и самиот мора да биде воспитан“.
Промените во статусот и улогата предизвикуваат промени во односот и однесувањето на наставникот. Односот со учениците се менува и наставникот е во улога на фацилитатор и менаџер кој го поддржува учењето, фокусот во контролата во воспитно-образовниот процес од наставникот преминува во „рацете“ на оној кој учи, ги менува содржините и опсегот на настава, моделите и техниките на поучување. Ова пак, од своја страна, упатува на потребата од континуиран професионален развој, зашто „учителот е свеќа кој ги осветлува другите, трошејќи се себе“. Затоа, денес, да се биде наставник и да се почитува професијата, е можно само со континуиран професионален развој, иновативност и љубов.

## Наместо заклучок

На крај, не е потребно да се изведуваат заклучоци. Тие сами по себе се наметнуваат. Но, препораките и сугестиите содржани во овој дел ќе бидат

насоки: каков наставник е потребен утре. При тоа, не треба да се заборави дека наставникот е истовремено научник и уметник, кој открива и создава, твори, а наставата уметност која постојано се открива и менува. Уметноста наречена настава, бара наставник кој ќе биде отворен кон промени, иновативен и креативен, личност која во континуитет ќе се развива и ќе ги следи трендовите во современото живеење. Затоа, наставниците треба да постигнуваат високи професионални стандарди, свесни за одговорноста во општеството. Евалуацијата на работата на наставниците да биде комплексна и во соработка со колегите и компетентни професионалци. Треба да се заснова на доверба и да им помогне на наставниците во идентификување на потребите од професионален развој. Образованието на наставниците треба да биде со висок квалитет и со можности да се постигне повисоко образовно и научно ниво - постдипломско ниво. Тоа треба да биде проследено со период на структурирана индукција во професијата, со поддршка од страна на ментор. Исто така, наставниците треба да се поддржуваат во текот на нивните кариери со право за обезбедување постојан висок квалитет на професионален развој. Адекватно на тоа, тие треба да добијат висок професионален статус во општеството пропорционален со нивните професионални обврски, квалификации и вештини, како и пропорционално со придонесот кој со својата професија го имаат во развојот на општеството.

Иако прашањето за наставникот утре, го оставивме за натамошна дискусија, сепак, досега испишаните редови упатуваат на неколку иницирани проблеми за размислување: Како го гледате учителот денес? Се сеќавате ли на вашите учители? Каков е нивниот авторитет денес? Што треба да се менува за да се обезбеди поголем дигнитет на наставничката професија? И како што може да се заклучи, навистина прашањето за тоа каков наставник е потребен утре, е сложено прашање. Но, доколку се обидеме да дадеме одговор во овој момент, тогаш треба да се има во предвид дека наставникот е: оператор, стручно лице, планер и организатор на сите видови активности на ученикот, кои се во контекст на современите цели на воспитанието и образованието, а тие пак се одговор на барањата на семејството, воспитно-образовните институции, општеството. Впрочем, *„учителите во свои раце ја држат иднината на светот“.*

Литература

Bogavac, T.(1979). *Škola za sadašnjost I budućnost*, Gornji Milanovac: Dečje novine

Мирасчиева,С.(2007). Комуникацијата меѓу наставникот и ученикот во основното училиште. Штип: Педагошки факултет

Krnjajić,S.(1983). Značaj interpersonalnih odnosa u nastavi,Zbornik 25 Instituta ya pedagoška istraživanja, Beograd: Institut za pedagoška istraživanja

Radulović, L. (2007): Istraživanje i razvijanje obrazovanja nastavnika za refleksivnu praksu –kritički prikaz jednog istraživanja kao granenja obrazovnog programa, Beograd: *Pedagogija, br.4*, 597-610

Trifunović, V., Savović, M.(2009), Problem selekcije nastavničkog kadra, *Promoting teacher education from intake system to teaching practice, special edition, Conference Proceeding No. 8/1,Volume I, Jagodina*, 285-297.